**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.5**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и ФЕНИ Индустри**

Петти состанок , 17.12.2007 год. простории во МЖСПП, почеток 12:00 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**

- Миле Јакимовски, директор на Управа за животна средина
- Назим Алити, раководител на одделение за интегрирано спречување и контрола на загадувањето
- Драгана Черепналковска, раководител на одделение за усогласување на правото на ЕУ и преговарање
- Снежана Ѓорѓиева, самостоен референт во Сектор за комуникација со јавноста-записничар,

**Тим за преговарање на ФЕНИ-Индустри:**

- Оливиер Десаведави, директор на Сектор за животна средина-претседател на тимот
- Борис Ристов, заменик директор на Сектор за животна средина-заменик претседател на тимот
- Орданчо Ристов, раководител за оддел за истражување во Сектор за животна средина

Поради презафатеност и итни обврски на членовите на преговарачкиот тим на МЖСПП, состанокот беше многу краток и само се потврди заклучокот од предходниот состанок ФЕНИ Индустри да ја започне процедурата за Оценка на влијанијата врз животната средина (EIA) за депонијата за троска. Студијата изработена од страна на ГИМ да се достави до МЖСПП, и да се достави писмо за намери како би можело да отпочне постапката.

ФЕНИ Индустри достави пречистен текст со внесени забелешки според записникот 4, за емисии во атмосферата и амбиентниот воздух.

Состанокот заврши во 12:30 часот.

Следниот состанок начелно е договорен за 08.01.2008 год. (Вторник) во 12 часот.

Записничар:
Снежана Ѓорѓиева